Дневни билтени



# Извадок на дел од дневни настани 31.12.2019

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Н.Е.(53) од с.Долна Бањица, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „проневера во службата". На 02.11.2019 во подружница „Македонска пошта" во Гостивар пријавениот, во својство на насочувач, противправно ги присвоил двата парични вишоци од поштенско место Градец, во износ од 98.300 денари и поштенко место Чегране, во износ од 144.000 денари или вкупна сума од

242.300 денари доверени во службата, а на штета на „Македонска пошта", подружница Гостивар. На 04.12.2019, од страна на банка во Гостивар, која е трезорист во служба на „Македонска пошта", контактирано е со контролорот во „Македонска пошта" дека постои некој проблем со парични вишоци кои треба да се контролираат, по што е утврдено дека тој ден на работа бил пријавениот.

На 30.12.2019 во 23.30 часот на ул.„Народен фронт" во Скопје, полициски службеници на СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Е.(21), Д.И(36), Х.В(22), Б.Ч.(40) и И.К.(22), сите од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2019 околу 22.20 часот во гостиварското село Здуње, полициски службеници на СВР Тетово - Полициска станица Гостивар го лишиле од слобода Ј.Х.(24) од истото село, затоа што при преглед кај него е пронајден кокаин. Ј.Х. задржан е во Полициската станица Гостивар и по целосното документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 30.12.2019 во 22.00 часот на Граничен премин „Табановце" бил лишен од слобода А.Х.(26) од Скопје, бидејќи се наоѓал на „стоп листа", поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „разбојништво". Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 30.12.2019 од 15 до 18 часот на улиците „Маршал Тито" и „Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово пронашле и од Ф.А(32) од тетовско Ларце одзеле 200 петарди, а од Н.А.(54) од Тетово одзеле 600 огномети. По целосно документирање на случајот, против нив ќе следуваат поднесоци.

На 30.12.2019 во 12.30 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром - Скопје", од слобода бил лишен Н.Ц.С.(53) од Велика Британија, бидејќи при пасошка контрола било констатирано дека го пречекорил туристичкиот престој. Тој бил предаден на полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Север за поматамошна постапка.

На 30.12.2019 во 10.25 часот на регионалниот пат Гостивар - с.Градец, во с.Добридол, гостиварско, патничко возило, управувано од едно лице, удрило во пешакот Л.И.(55) од с.Добридол, по што го напуштило местото. Во незгодата, Л.И. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Медицински центар Гостивар за укажување лекарска помош. За настанот бил известен јавен обвинител, а увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.12.2019 околу 12 часот, на импровизирана тезга во близина на тетовскиот Зелен пазар пронајдени се и одземени околу 500 парчиња разновидни пиротехнички средства, најмногу петарди.

На 31.12.2019 околу 02.00 часот пред казино во Градски трговски центар во Кочани полициски службеници го лишиле од слобода Д.В.(19) од Кочани, бидејќи физички нападнал полициски службеник кој се обидел да го легитимира. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2019 во 12.00 часот во Полициска станица Центар, Г.С.(37) од Скопје пријавил дека на плоштад „Македонија" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

Во текот на 30.12.12.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности при што од сообраќај е исклучен **еден** возач, затоа што управувал возило без да се стекне со право на управување на моторно возило, а **32** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 30.12.2019 во 14.30 часот во СВР Скопје, М.К.(47) од Скопје пријавила дека на 24.12.2019 во 20.15 часот на ул.„Љубљанска" била удрена од едно лице кое управувало електричен тротинет. Притоа, таа се здобила со тешки телесни повреди и во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" ѝ била укажана лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.12.2019 во 19.30 часот во Полициската станица Чаир,Ч.Т.(42) од Скопје пријавил дека на ул.„Рокомија" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник во пределот на десната рака.
Полициското одделение за безбедност на патниот сообраќај Гостивар поднесе кривична пријава против Ш.Р.(31) од с.Грешница, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот". На 30.12.2019 на автопатот во близина на ,,Тумчевишка клучка", пријавениот, кој управувал возило со брзина поголема од дозволената, изгубил контрола над возилото и удрил во двајца полициски службеници, кои обезбедувале место на настан по случена сообраќајна незгода, од кои едниот починал, а на другиот му биле констатирани тешки телесни повреди.

На 30.12.2019 во 22.10 часот на подрачје на Сарај - Скопје, полициски службеници на СВР Скопје го лишиле од слобода Е.И.(22) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2019 околу 15.00 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека во кругот на станицата за технички преглед на ул.„Орде Чопела", во канал за вршење технички преглед на возила, со повреда бил пронајден Т.М.(69) од Прилеп. Тој бил пренесен во Градската болница Прилеп за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Л.К.(34) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,недозволено

изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 29.12.2019 полициски службеници извршиле претрес во неговиот дом на ул.„Елка Јанкова“, при што пронашле и одзеле осум куршуми калибар 9 мм.
На 30.12.2019 во 16.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св. Наум Охридски“ бил донесен С.П.(49) од с.Долно Количани, скопско, кој во својот двор, додека сечел дрва, се повредил. Од лекар му биле констатирани тешки телесни повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.12.2019 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Вашингтонска“, поради нерасчистени имотно - правни односи, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.Ф.(65) и Ј.Ф.(55), двајцата од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 30.12.2019 во 22.19 часот во СВР Скопје било пријавено дека во една канцеларија во Ургентен центар во Градската општа болница „8 Септември“ настанал пожар. Во пожарот, канцеларијата изгорела целосно, а повредени лица нема. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид ќе се врши во текот на денот.

На 30.12.2019 во 08.40 часот во СВР Скопје, Р.А.(50) од с.Долно Количани, скопско, пријавил дека околу 08.30 часот во угостителски објект на ул.„3“ во с.Кадино, скопско, поради претходно недоразбирање, бил физички нападнат од С.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.12.2019 во 16.00 часот во СВР Скопје, Б.Ц.(82) од с.Трубарево, скопско, пријавил дека на 29.12.2019 околу 23.00 часот, пред угоститески објект на ул.„Маџари“, со тврд предмет бил физички нападнат од М.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Л.К.(34), Д.Р.(20), двајцата од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство“. На 29.12.2019 во угостителски објект во с.Сарај пријавените, заедно со повеќе други лица, физички ја нападнале К.Т.(38) од Валандово и упатиле закани кон присутните.

На 30.12.2019 во 23.24 часот во СВР Скопје, Р.С.(24) од Скопје пријавил дека во 23.12 часот, додека бил на своето работно место, во катна гаража во трговски центар, по претходна расправија, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.12.2019 во СВР Тетово, С.А.(69) од Гостивар пријавил дека пред неговата куќа на ул.„Никола Тесла“ бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 30.12.2019 во 07.44 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Новоселски пат“ во Скопје едно лице со пиштол пукало во изложно стакло

на месарница и го оштетило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ѓ.И.(27) од село Здуње, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда". На 14.11.2019 во семејниот дом, пријавениот со тврд предмет го нападнал својот татко Б.И.(60) од село Здуње.

На 30.12.2019 во 23.10 часот во Полициската станица Аеродром, Р.Ј.(21) од Скопје пријавил дека околу 19.30 часот на кеј на река Вардар бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)